Бр. 02-217/27
22.2.2013 година
Скопје

Врз основа на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование ( Службен весник на Република Македонија бр. 15/2013) и член 261 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Ректорската управа, на 169. седница одржана на 22.2.2013 година, го донесе следново

# УПАТСТВО
## за начинот и постапката за повторно полагање на предмети по завршување на студиите и за издавање на уверение и диплома

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со ова Упатство се утврдуваат начинот и постапката за повторно полагање на предмети од страна на лица кои ги завршиле студиите и се стекнале со соодветен стручен, односно научен назив и на кои им се издадени уверение и диплома.

**Барање за повторно полагање**
**на предмети**

**Член 2**

Лицата кои ги исполнуваат законските услови поднесуваат барање до деканот на факултетот, односно до директорот на институтот за повторно полагање на предмети.

Лицето има право повторно да полага предмети на високообразовната установа каде што ги полагало предметите за кои бара повторно полагање.

**Член 3**

Барањето се поднесува на посебен образец - барање кое содржи: име, татково име и презиме, предметите за кои се бара повторно полагање, број на студентско досие, датум на дипломирање, домашна адреса на лицето, број на мобилен телефон, е- адреса.

*Доставување на документација*

**Член 4**

Кон барањето, лицето ја поднесува следнава документација: фотокопија од уверение за положени испити, односно за стекнат стручен, односно научен назив, фотокопија од дипломата и индекс. Доколку лицето не го чува индексот, му се издава нов индекс.

Лицето поднесува изјава заверена на нотар за бројот на предметите кои повторно ќе ги полага и на која високообразовна установа (универзитет, факултет, институт) во Република Македонија.

*Рок за поднесување на барањето*

**Член 5**

Барањето се поднесува најдоцна 1 месец пред одржувањето на испитниот рок.

**Решение за дозвола за**
**повторно полагање**

**Член 6**

Доколку се исполнети законските услови, деканот, односно директорот, во рок од 8 дена од приемот на барањето донесува решение за дозвола за повторно полагање на предметите.

Во решението се наведува дека лицето ги исполнува условите утврдени со закон и се наведуваат предметите за кои се дозволува повторно полагање и наставниците кои ќе го спроведат испитот, односно повторното полагање.

*Доставување на решението*

**Член 7**

Решението се доставува до лицето на неговата адреса, за што се смета дека доставата е извршена со денот на предавањето на решението во пошта со препорачана пратка. Решението се доставува наредниот ден од неговото донесување.

Решението може да се достави и на рака на лицето, со што се смета дека доставата е извршена на денот на неговиот прием.

*Приговор на решението*

**Член 8**

Доколку деканот, односно директорот донесе решение со кое се одбива во целост или делумно барањето, лицето има право на приговор до наставно-научниот совет.

Право на приговор има и лицето против решението од член 6, став 1 од ова Упатство.

Приговорот се поднесува во рок од 8 дена од приемот на решението.

**Испитни рокови**

**Член 9**

Повтореното полагање се спроведува во утврдените испитни рокови.

**Член 10**

Во еден испитен рок може да се полагаат најмногу 2 предмета.

**Обем, содржина и**
**литература за предметот**

**Член 11**

Обемот, содржината и литературата за предметот што треба повторно да се полага ги утврдува предметниот наставник во рок од 7 дена од денот на приемот на решението со кое е определен за предметен наставник и во писмена форма ги доставува до деканот, односно директорот, кој наредниот ден ги доставува до лицето.

**Индекс и пријава**

**Член 12**

Повторно положените предмети се внесуваат во индексот и во пријавата, со забелешка дека предметот е повторно полаган, датумот на повторното полагање, личното име на предметниот наставник и други елементи согласно со пропишаната содржина на индексот и пријавата.

**Уверение**

**Член 13**

За повторно полаганиот предмет, односно предмети, на лицето му се издава уверение кое ги содржи називите, оценките и др. од повторно полаганите предмети.

Врз основа на уверението за повторно полаганите предмети и уверението за положени испити, односно за стекнат стручен, односно научен назив, на лицето му се издава ново уверение за положени испити, односно за стекнат стручен, односно научен назив.

Уверението од став 2 на овој член, покрај другите предмети, ги содржи и предметите за кои е спроведено повторно полагање и новиот остварен просечен успех. Уверението содржи забелешка за повторно полаганите предмети и остварениот просечен успех.

Уверението се издава на образец кој важел во времето на дипломирањето на лицето.

Уверението се води под ист број (број на досие) како уверението стекнато во моментот на дипломирањето.

Уверенијата се издаваат во рок од 8 дена сметано од денот кога е извршено повторното полагање на последниот предмет.

**Додаток на дипломата**

**Член 14**

На лицето му се издава додаток на дипломата кој ги содржи оценките од повторно полаганите предмети и новиот остварен просечен успех.

**Главна книга на дипломирани студенти**

**Член 15**

Во главната книга на дипломирани студенти, во рубриката забелешка, се наведува дека лицето повторно полагало предмети и се запишува новиот просечен успех.

**Член 16**

Составен дел на ова Упатство се образецот на: барањето од член 3, изјавата од член 4, став 2, решението од член 6, уверенијата од член 14 и печатот од член 17, став 2 од ова Упатство.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 17**

До издавањето на додатокот на дипломата ќе се издаваат само уверенија од член 13 од ова Упатство.

На опачината на издадената диплома се става печат со правоаголна форма кој содржи текст дека со повторно полагање на ___предмети лицето остварило просечен успех од ______ и се става потпис на деканот, односно директорот и печат на факултетот, односно институтот и датум кога е пополнет печатот.

**Член 18**

На лице кои дипломирало според прописите кои не предвидувале додаток на диплома, му се издаваат само уверенијата од член 13 од ова Упатство.

**Член 19**

Ова Упатство влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**